**20162184802**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 215 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16 и 172/16), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Член 1

Во Правилникот за одржување на катастарот на недвижностите („Службен весник на Република Македонија“ број 151/13, 8/15, 132/15, 147/15, 156/15, 184/15, 229/15 и 195/16), во членот 5 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Кога кон пријавата доставена во електронска форма не се приложени некои од прилозите од ставот (1) на овој член или се направени технички грешки при нивното приложување, како и кога се утврдени некои технички грешки содржани во исправите за правниот основ или грешки во описните податоци содржани во геодетскиот елаборат, службеното лице по електронски пат го известува подносителот на пријавата дека е потребно во рок од 24 часа од денот и часот на генерираното известување да ја дополни пријавата со потребните прилози или да ги отстрани утврдените грешки.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-22736/2
29 ноември 2016 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Јорданова**, с.р.